SKOPJE DESIGN WEEK 2014

www.ministryofpleasure.net

СООПШТЕНИЕ

**02.07.2014**

***...Дизајнот е тој што прави разлика, но прво треба да го создадеме***

# Во септември - 4. Skopje Design Week

## Скопје ќе живее во "четврта смена" во Куршумли Ан

***Продолжува соработката на SDW со ВВ „Тиквеш". Оваа година преку меѓународен конкурс ќе се бара креативно решение за брендирање на нов автентичен производ - гроздовиот мед***

Четвртото издание на ***Skopje Design Week*** оваа година ќе се одржи од **23.** до **28. септември** во ***Куршумли Ан*** со продукција и програма што ги оправдува очекувањата на урбаната публика, дизајн и бизнис заедницата кои веќе три години ги препознаваат вредностите и уникатноста на фестивалот. Под мотото: "**Четврта смена**", идејата е да се доловат различните функции: промоција, деловна соработка, едукација, забава и дружење.

Дека успешниот бизнис не подразбира само бројки, трговија и економија, туку значи унапредување, храброст и иновација зборуваат минатогодишните соработки помеѓу деловниот и дизајн секторот поттикнати од оваа организација. Оваа година треба уште позасилено да се зацврсти претприемачкиот дух во насока на соработка помеѓу деловниот сектор и креативната индустрија.

Минатогодишниот меѓународен повик за дизајн на етикета на врвно македонско вино од винарската визба „Тиквеш" е одличен пример за синергија меѓу бизнис секторот и креативната индустрија. Конкретен резултат од оваа соработка е лансирањето на пазарот на виното „Шардоне" на ВВ „Тиквеш", кое го краси етикета која ја освои првата награда минатата година. Ова е уникатно дизајнерско дело на авторката Дијана Димитриевска, за која учеството на овој натпревар претставуваше одлично искуство и начин за докажување на сопствениот креативен потенцијал.

*„Задоволни од резултатите од минатогодишниот конкурс, со задоволство ја продолжуваме соработката со SDW. Оваа година одиме чекор понапред со тоа што од креативците во земјава и светот, преку меѓународен повик, ќе побараме интегрално решение за брендирање на нашиот нов автентичен производ – гроздовиот мед. На ваков начин, сакаме да креираме уникатен идентитет на овој природен и исклучително здрав производ кој и досега го произведувавме, но не комерцијално. Поради сè поголемата побарувачка, сметаме дека треба да го направиме препознатлив и достапен за потрошувачите во Македонија и пошироко"*, изјави Елена Младеновска Јеленковиќ, маркетинг менаџер во винарската визба „Тиквеш".

Конкурсот ќе биде отворен до 5-ти септември оваа година, а изборот на најдобро решение за брендирање на новиот производ ќе го изврши меѓународно жири. Очекувањата се дека високото реноме на ВВ „Тиквеш“, како и вредноста на самиот производ што треба да се брендира, ќе привлечат голем број креативци жедни за афирмација. Дополнителна стимулација претставува и самата награда за најдоброто решение која изнесува 2000 евра.

Инаку, пријавувањето на компании, нови брендови, млади иноватори, дизајнери и институции, за учество во годинешниот SDW, е во тек. Сите оние кои сакаат да ја запознаат јавноста со своите новитети, бараат и нудат конкретни можности за вмрежување, се во потрага по вистински партнери за соработка, имаат можност до 20 јули да се пријават во најразлични категории. Целта и оваа година е да насочи креативниот потенцијал во унапредување на економската клима и општеството. Четвртата смена е најавена од организаторите како досега најдобро издание.

***Skopje Design Week*** ќе биде обвиткан со елегантен француски шмек од причина што оваа година ***Франција се јавува како земја во фокус.*** Претставени ќе бидат 10 реномирани дизајнери и француски дизајн студија.

Француските дизајнери ќе бидат дел од целокупната програма и разменуваат искуства и визии со локалните експерти, а најавена е нивна посета на македонски фабрики за да се стимулира соработка.

Практичните работилници ќе бидат зголемени и во квалитет и во квантитет со директна поврзаност и вмрежување со деловната субјекти. Новина е гастро талент зоната на Горење, а музичката програма ќе вистински поклон за публиката.